РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-968/2
29-04-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предмет со бр.08-1982/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-1982/1 од 19.07.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со бр.08-1982/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од увидот во Регистарот за избрани и именувани лица бр. 08-2991/3 од 10.12.2025 утврди дека лицето ___________ на ден 27.05.2024 година му престанала фукцијата пратеник во Собранието на РСМ.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека именуваниот во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата пратеник во Собранието на РСМ не поднел Изјава за имотна состојба и судир на интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок со бр.08-1982/2 од 25.09.2024 година и на ___________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1982/3 од 25.09.2024 година за сторен прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот Закон.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр. 14-325/3 од 27.02.2026 година со кое сторителот ______________ го прогласи за одговорен. ДКСК изврши увид во својата електронска евиденција и констатира дека лицето сеуште нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б., соработник

Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение

Согласен: К.З., раководител на сектор

Одобрил: З.Б, член на ДКСК